24.01.2017г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) по жалбата на Јане Димески, за текстот со наслов "Милчин и Сорос со косовско одликување за заслуги на церемонијата за благодарност кон УЧК", објавен на 22.11.2016, во 17 часот и 08 минути, во веб - изданието на телевизијата Нова (www.tvnova.mk)**

**Ж А Л Б А Т А  Е  О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 13.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 24.11.2016 година, Јане Димески поднесе жалба за текстот со наслов “Милчин и Сорос со косовско одликување за заслуги на церемонијата за благодарност кон УЧК”, објавен на 22.11.2016, во 17 часот и 08 минути, во веб - изданието на телевизијата Нова (www.tvnova.mk).

Во жалбата се наведува дека во текстот известувањето е неточно и нефер, не е застапена втората страна, има пристрасност во информирањето и елементи на говор на омраза.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со ТВ Нова и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од ТВ Нова достави одговор на наводите на жалителот. Во одговорот се вели дека спорниот текст не е авторски текст на ТВ Нова, туку информација пренесена од магазинот “Република”. Се додава и дека следствено на тоа што информацијата и анализата не се авторски, а тоа може да се воочи, ја отфрлаат жалбата, иако се согласуваат со некои од забелешките кои се однесуваат на текстот. Од ТВ Нова сметаат дека одговорноста е кај медиумот што првично го објавил текстот, а ТВ Нова е медиум кој ја пренел информацијата потенцирајќи го и медиумот од кој истата е преземена.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 21.12.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот, направи увид во наведениот текст и го разгледа одговорот од телевизијата. Констатираше дека текстот е преземен од магазинот “Република”. Членовите на Комисијата најдоа дека **секој медиум мора да внимава содржините кои ги објавува да не се спротивни на Кодексот на новинарите на Македонија.**

Точно е дека медиумот има право да презема информации од други медиуми и тоа не со задолжителна дополнителна обработка, но само на оние информации кои се за заштита на јавниот интерес и во согласност со Кодексот на новинарите на Македонија. Но доколку информацијата е спротивна на јавниот интерес и на Кодексот, таа може да се обработи на начин што ќе го заштити јавниот интерес, ќе се доведе во состојба со која ќе го штити јавниот интерес и како таква ќе се објави.

Во конкретниот случај, Комисијата најде дека станува збор за преземен текст кој е спротивен на одредбите од Кодексот на новинарите на Македонија и претставува необработен медиумски производ.

Конкретно, Комисијата констатираше дека во текстот има низа тврдења за противуставно дејствување. Меѓу другото, се издвојуваат следниве реченици:

**Владимир Милчин, доскорешниот прв човек на СОРОС во Македонија, вчера е одликуван „за заслуги за унапредување на Албанците" од косовскиот претседател Хашим Тачи, пишува Република....**

**... Одликувањето на Милчин не е изненадување. Минатата година организираше митинг на СДСМ на кое беа декларирани ставовите кои денеска се изборна платформа на СДСМ, двојазичност и промена на Уставот. На тој митинг присуствуваа и поддржувачи и членови на косовската бригада, на УЧК, како и нескриено се истакнуваа и симболите на Голема Албанија.**

**За потсетување, вистинскиот организатор и на протестот, а, како што се чини и на политичката криза во земјата, беше Владимир Милчин. Секако, тука беа и придружните вокали во форма на граѓански здруженија, а заедничко на сите, вклучително и СДСМ, е тоа што, всушност, сите тие „се хранат" од џепарлакот од Сорос, според раката на Милчин.**

**На митингот беше истакната и јавна поддршка за 113-та косовска бригата именувана по Исмет Јашари, чии членови и челни луѓе го предводеа упадот во Куманово една недела пред митингот. Во**

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

**таа пресметка со терористите паднаа осум полициски животи. На тоа се надоврзуваат и симболите за идеите за Голема Албанија, со кои насекаде на Балканот се предизвикуваат инциденти, поткрепени и со скандирања за УЧК. Заев и СДСМ потоа ја почнаа кампањата кон албанските гласови.**

Поради ваквата содржина, членовите на Комисијата најдоа дека, бидејќи авторот изнел низа тврдења, напади и критики, медиумот кој го презел бил должен за овие тврдења да побара став од споменатото лице Владимир Милчин и од СДСМ, во согласност со професионалните начела. Дотолку повеќе што при евентуалната дополнителна обработка на преземениот текст, медиумот кој го презел текстот бил должен да ги обезбеди сите значајни аспекти на темата за која се говори и да го доведе во согласност со Кодексот на новинарите на РМ.

Понатаму, авторот на текстот во повеќе наврати своите мислења ги прикрива како факти, а ТВ Нова ги реобјавува како такви. Точно е дека новинарот има право на сопствено мислење, но во конкретниот текст не се разликува што е коментар, претпоставка или став на авторот. Ова особено доаѓа до израз, бидејќи во текстот се изнесуваат низа тврдења за противуставно политичко дејствување на Владимир Милчин и СДСМ, а бидејќи претходно не се обезбедени согледувања на сите значајни аспекти на темата за која се говори се доаѓа и до дезинформирање и манипулирање со публиката.

***

Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст со наслов "Милчин и Сорос со косовско одликување за заслуги на церемонијата за благодарност кон УЧК", објавен на 22.11.2016, во 17 часот и 08 минути, во веб - изданието на телевизијата Нова, прекршен е член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори.

Новинарот треба да обезбеди "втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Понатаму, Комисијата утврди дека е прекршен и член 13, според кој новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски, Беким Ајдини, Сефер Тахири, Гоце Герасимовски и Мери Јордановска.

**Се обврзува веб - изданието на телевизијата Нова (www.tvnova.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595